Јавно претпријатие за комунални дејности
"БРЕГАЛНИЦА" п.о.
Бр. 0202-304/8
16.12.2009 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 19 точка 9 од Зконот за јавни претпријатија(Службен весник на Република Македонија" бр.38/1996) член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Сл. весник на Р.М." бр. 68/2004) и член 16 од Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево бр.0201-246 од 13.12.2005 год.,Управниот одбор на седницата одржана на ден 16.12.2009 год. ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## За утврдување на висината на надоместок за приклучување на водоснабдителниот и канализациониот систем

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за приклучување на водоснабдителниот и канализациониот систем во Општина Делчево со кои стопанисува и е во надлежност на Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница"-Делчево и тоа:

**1. Надоместок за приклучување на водоснабдителниот систем:**

| Р.б. | Вид на објект и големина на приклучок | Цена во денари без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Индивидуална станбена зграда - куќа со големина на приклучок до 3/4" | 4.800,00 |
| 2 | Помошни објекти за чување на добиток со приклучок до 3/4" | 5.000,00 |
| 3. | Деловни објекти (дуќани, канцеларии, работилници и сл.) со приклучок до 3/4" | 7.300,00 |
| 4. | Деловни и индустриски објекти со приклучок од 1" и поголем | 32.000,00 |
| 5. | Колективни станбени згради со приклучок над 1" во кои има повеќе корисници | 3.800,00 од 1 стан |
| 6. | Колективни станбено-деловни згради со приклучок над 1" во кои има повеќе корисници и деловни објекти | 3.800,00 од 1 стан + 5.300,00 од 1 дел.објект |
| 7. | Привремен приклучок на вода за градење на објекти (станбени згради, индустриски и деловни објекти и сл.) | 5.000,00 |

**2. Надоместок за приклучок на канализациониот систем се плаќа во висина од 30% од погоре утврдениот надоместок за приклучок на водоснабдителниот систем.**

**Член 2**

Оваа Одлука ќе се применува по давањето на согласност на утврдените цени од Советот на Општина Делчево согласно член 11 точка 6 од Законот за јавни претпријатија.

Бр. 0202-304/8
16.12. 2009 година
Делчево

Управен одбор
Претседател,
Сузана Петровска

Јавно претпријатие за Комунални дејности
Брегалница
со ц.о.
Делчево